# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 18 | Среда, 21 ноември 2018 год. |
| --- | --- |

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

**Градоначалник на општина Струмица:**

| Рег. бр. | | Стр. |
| --- | --- | --- |
| **339.** | **Јавна објава** - непознат имател на градба ........................................................... | 1 |

---

**339.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и 65/18), ја извршувам следната достава преку

**Ј а в н а о б ј а в а**

Општина Струмица го повикува НЕПОЗНАТИОТ ИМАТЕЛ НА ГРАДБА во рок од 1 (еден) ден, да се јави во просториите на Општина Струмица, да го подигне Решението со Ип 1 бр. 26-776 од 15.11.2018 година, донесено од Овластениот градежен инспектор.

Општина Струмица, преку Овластениот градежен инспектор, со горенаведеното Решение, му налага на непознатиот имател на градба во рок од 3 (три) дена од приемот на Решението сам да ги отстрани градбите кои се изведени на КП 1016/1 во КО Просениково вон.гр. и тоа – градба од член 73 став (1) алинеа 9 – ограда со вкупна должина од 130 м и градба од член 73 став (1) алинеа 13 – помошна градба во функција на објект со димензии во основа 3,6x3,6 м и во висина на приземје изведени без решение за изведување на градба. Парцелата КП 1016/1 е запишана на П.Л. 282 за КО Просениково вон.г.р. и со неа стопанисува ЈП за стопанисување со пасишта, мв „Лаки“, култура пасишта со површина од 8894 $м^2$.

Доколку непознатиот инвеститор не го подигне Решението, оваа Јавна објава се смета за уредна достава на Решението со Ип 1 бр. 26-776 од 15.11.2018 година и сите негативните последици кои можат да настанат од истата ги сноси самата странка.

Бр.03-9312/2
16.11.2018 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник,
Коста Јаневски